**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1582/1**
**Од 18.08.2022 година**
**Скопје** **До**

**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/06), се донесува:**

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Седумнаесеттата седница на**
**советот на Општина Ѓорче Петров**

**Ја свикувам Седумнаесетата седница на советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Седницата ќе се одржи на ден 25.08.2022 година (четврток), со почеток во 12:00 часот, во Салата за состаноци на Општина Ѓорче Петров.**

**За седницата го предлагам следниот:**

**Д н е в е н р е д:**

1. **Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за втор квартал на 2022 година;**
2. **Предлог одлука за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Ѓорче Петров;**
3. **Предлог Одлука за измена на Одлуката за задолжување на Општина Ѓорче Петров со заем кај финансиска институција со арх. бр. 08-1378/6 од 15.07.2022 година;**
4. **Предлог Годишен план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година;**
5. **Предлог Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош;**
6. **Предлог Одлука за категоризација на објектите за спорт од локално значење на Општина Ѓорче Петров;**
7. **Предлог Правилник за условите, начинот и постапката за користење на објекти за спорт под закуп;**

8. **Предлог Тарифник за утврдување на висината на надоместот за користење на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Ѓорче Петров;**
9. **Предлог Одлука за одобрување на користење на објект за спорт – спортска сала „Христо Батанџиев“, без надомест за потребите на Ѓорче Петров – ЖРК Скопје;**
10. **Предлог Одлука за доделување на финансиски средства на Ѓорче Петров – ЖРК Скопје;**
11. **Годишен извештај за работата на основните училишта во Општина Ѓорче Петров;**
12. **Годишна програма за работата на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2022/2023 година;**
13. **Предлог Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2022/2023 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров;**
14. **Годишен план за вработување во основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2023 година;**
15. **Годишен извештај за работата на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ во Општина Ѓорче Петров во учебната 2021/2022;**
16. **Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ во Општина Ѓорче Петров во учебната 2022/2023;**
17. **Годишен план за вработување во Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ во Општина Ѓорче Петров 2023 година;**
18. **Предлог Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во општина Ѓорче Петров.**

**Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Норматива.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**